Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 93, 3 декември 2012 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ........ 163

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И МРЕЖИ И ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-169/3 од 19.11.2012 год. донесена на 67. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во Штип, одржана 19.11.2012 год., избрани сме за членови на Рецензентска комисија по распишаниот Конкурс за избор на ***помлад асистент/асистент*** во научната област ***информациони системи и мрежи и процесирање на податоци***.

Во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати за избор во соработничкото звање помлад асистент/асистент за научната област *информациони системи и мрежи и процесирање на сигнали* до Наставно- научниот совет при Факултетот за информатика: м-р Златев Зоран, м-р Ристова Маја и Виктор Атанасовски.

Врз основа на приложената документација чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатите под реден број 2, м-р Маја Ристова и број 3, Виктор Атанасовски, не ги исполнуваат пропишаните услови за избор во соработничко звање помлад асистент/асистент. Поради тоа кандидатите нема да бидат евалуирани.

Во продолжение на овој реферат, а врз основа на податоците од пристигнатите пријави ќе се осврнеме, пошироко, на еден од тројцата кандидати кои ги исполнува условите за избор во соработничко звање – помлад асистент/асистент (1 извршител) за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци, **м-р Зоран Златев.**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Зоран Златев** е роден на 18 јуни 1987 година во Штип. Основното образование го завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во нас. Три Чешми со континуиран одличен успех. Средно образование завршува во ДСУ „Славчо Стојменски“ со континуиран одличен успех во природно-математичката паралелка.

Дипломира на Прв приватен универзитет „ФОН“, на Факултетот за информатика во Скопје во 2009 година со просечен успех од 8.77 и се стекнува со називот **софтверски инженер**.

Во учебната година 2009/2010 година се запишува на постдипломски студии по теориска информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Магистрира на 9 јули 2012 година со просечен успех од 8.27 и се стекнува со називот **магистер по информатички науки – теориска информатика**.

На 12.11.2012 година му е одобрено запишување на докторски студии на Катедрата за компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Наставно - образовна дејност и работно искуство***

Во 2009 година се вклучува во помагањето при наставата на Факултетот за информатика како волонтер во период од две години. Најголемиот дел од активностите ги остварува на Катедрата за процесирање на податоци и притоа во дел од изработката од е-индексот и многу други обврски со кои му помага на целиот наставнички кадар. Активно се вклучува во помагањето на аудиторсиките и лабораториските вежби на предметите: Интернет технологии, Интернет програмирање, Оперативни системи, Дигитално процесирање на сигнали, Основи на програмирање.

Дадените обврски како волонтер секогаш навремено ги завршуваше како што се: присуство на предавања одржани од страна на професорите, присуство на вежби одржани од страна на асистентите, асистирање и помагање при подготовката на материјалот потребен за одржување на вежби и предавања, асистирање при подготовка на испитните прашања за испитите по дадени предмети, асистирање при пазење на студентите за време на колоквиум или испит, асистирање при спроведување и одржување на колоквиумски недели и редовни испитни сесии како и асистирање при извршување на техничките работи од типот на прегледување на изработените семинарски работи, помагање на референтот за студентски прашања за внесување на податоците на студентите во е- индекс и сл.

***Научноистражувачка дејност***
***Објавени научни трудови***

1. Zlatev Zoran, Kokalanov Vasko, Risteska Aleksandra; The 9$^{th}$ Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012) Молика - Битола на тема **„Споредба на ефикасноста на вештачките граници P3 и P4 на Stacey“** 27.04.2012.

***Издавачка дејност***
***Листа на учебни помагала***

– Јовановски В, Шутева Г, **Златев З**, „Прирачник за деца - безбедност на интернет“ изготвен за Проект за безбедни ИКТ и интернет за деца „Три мисли пред клик за линк”, реализиран од НВО „Нов живот“ и Асоцијација за економски и социјален развој, финансиран од Влада на Р.Македонија, Штип, февруари 2011.
– Јовановски В, Шутева Г, **Златев З,** „Прирачник за родители - безбедност на интернет“ изготвен за Проект за безбедни ИКТ и интернет за деца „Три мисли пред клик за линк”, реализиран од НВО „Нов живот“ и Асоцијација за економски и социјален развој, финансиран од Влада на Р.Македонија, Штип, февруари 2011.
– Јовановски В, Шутева Г, **Златев З,** „Прирачник за наставници - безбедност на интернет“ изготвен за Проект за безбедни ИКТ и интернет за деца „Три мисли пред клик за линк”, реализиран од НВО „Нов живот“ и Асоцијација за економски и социјален развој, финансиран од Влада на Р.Македонија, Штип, февруари 2011.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од анализата на биографските податоци на м-р Зоран Златев, како и од прегледот на документите приложени кон пријавата и целокупните достигнувања во научната и стручната област, заклучуваме дека кандидатот располага со високи научни и образовни квалитети потребни за помлад асистент. Рецензентската комисија откако го прегледа научното творештво на м-р Зоран Златев смета дека кандидатот располага со знаење од области кои се важни за информационите системи и мрежи и процесирање на податоци и смета дека неговото научно творештво е такво што овозможува да даде значителен придонес во работата на Факултетот за информатика.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип **м-р Зоран Златев да го избере во помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Игор Стојановиќ, претседател, с.р.**
**Вон. проф. д-р Владо Гичев, член, с.р.**
**Доц. д-р Зоран Утковски, член, с.р.**